**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 111-та седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Имам особена чест и задоволство од името на Собранието на Република Македонија и од свое лично име да ги поздравам меѓу нас, претседавачот на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина, господин Милорад Живковиќ и заменикот на претседавачот на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина, господин Нико Лозанчиќ.

(Аплауз)

Почитуван претседавач на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина, господине Милорад Живковиќ, ве повикувам да се обратите на Собранието на Република Македонија.

**Милорад Живковиќ:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, дами и господа, драги пријатели.

Дозволете ми да ве поздравам во свое лично име и во име на Претставничкиот дом на Парламенарното собрание на Босна и Херцеговина и да ви заблагодарам на гостопримството. Големо признание е особена чест што денес сум во можност да се обратам на овој висок дом.

Прв пат се наоѓам тука во официјална посета на Македонија и сакам со вас да ги споделам првите впечатоци.

Имено, импресиониран сум со напредокот што го постигна вашата држава на патот кон евроатланските интеграции, но и со успехот во стопанскиот, економскиот, политичкиот и секој друг смисол. Природните убавини и богатства со кои вашата држава изобилува претставуваат се уште недоволно искористен стопански ресурс, но и шанса што не се сомневам дека вие ќе знаете да ја искористите.

Почитуван претседателе,

При вашата посета на Парламентот на Босна и Херцеговина точно пред една година разговаравме за многу прашања од заеднички интерес и во таа прилика договоривме да ја унапредиме парламентарната соработка, но и соработката на сите други нивоа на взаемно задоволство.

Како што гледате, драги колешки и колеги пратеници, и со оваа посета покажавме дека и ние парламентарците знаеме понекогаш да преминеме од зборови на дело и договореното да го реализираме. Земјите на Западен Балкан или Југоисточна Европа ги спојуваат или врзуваат многуте историски, културни, но пред се и човечки и историски врски што треба на взаемно задоволство и корист да се искористат.

Исто времено лично сметам дека регионалната кооперација е од пресудно значење и дека имаме заеднички стратешки цели до кои можеме со взаемна помош да дојдеме полесна, а што станува се побитно и побрзо да дојдеме.

Во согласност со оваа определба, го иницирав одржувањето на една Регионална конференција за евроатлански интеграции во Сараево што треба да се одржи во наредниот период и мило ми е што вие, како и сите земји во регионот, ја препознавте и ја подржавте добрата иницијатива и со тоа создадовте предуслови за уште подобра соработка и дијалог.

Колешки и колеги,

Дозволете ми да спомнам неколку зборови за актуелните случувања во Босна и Херцеговина кои сигурно ве интересираат. Како што знаете, приоритетните и несомнено надворешно политички интереси на Босна и Херцеговина претставуваат евроатланските интеграции.

По завршувањето на техничките преговори за Спогодбата за стабилизација и стабилизација во текот на минатата година, отворена е за жал, три месечна криза во Босна и Херцеговина која е решена со усогласување на Деловникот за работа на двата дома на Парламентот, а парафот на Спогодбата од 4 декември 2007 година дојде како надеж за подобро утре и како шанса за "ударнички" продолжувања на работата на сите реформски процеси. Вложен е голем напор за да се дојде до тој параф со голем компромис.

Неколку дена пред да тргнеме во оваа посета Претставничкиот дом расправаше за три барања за итната постапка за усвојување на законите за реформа на полициските структури во Босна и Херцеговина, како клучно и последно барање на Европската унија пред потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Изјаснувањето за овие закони ќе се случи во оваа недела и тогаш дефинитивно ќе знаеме на каков пат се наоѓаме и каква е европската перспектива на Босна и Хецеговина. Како и секогаш, јас сум реален оптимис и очекувам компромисно решение и усвојување на предлогот кој е на пат на она што го утврди нашиот Совет на министри.

Иако константно се истакнува консензусот за европскиот пат за Босна и Херцеговина, ќе видиме колку сите политички партии се подготвени да ги помогнат тие процеси, колку тие се залагаат декларативно, а колку вистински.

Како логичен след на настанитге потоа го очекувам потпишувањето на Сопогодбата за придружување и стабилизација на 28 април оваа година. По потпишувањето на Спогодбата ние сме свесни дека доаѓаме во фаза кога ќе мораме да пристапиме кон исполнување на преземените обврски, но и да се покажеме како сигурен партнер во исполнувањето на обврските на патот кон Европската унија.

Дејтонската мировна спогодба на Босна и Херцеговина и донесе мир, но и го одреди уставното уредување со Анексот 4 како земја составена од три ентитети: Република Српска и Федерација на Босна и Херцеговина, во која живеат три конститутивни народи: Срби, Хрвати и Бошњаци.

Ние сме свесни дека тоа не е идеално решение и дека во наредниот период ќе следат и уставни промени, но сигурен сум дека успехот во Босна можеме да го постигнеме само доколку бесконечните дискусии ги замениме со соработката заснована на компромис.

Основата на идната политика на Босна и Херцеговина е заснована единствено на Европското партнерство и обврските што произлегуваат од него.

Во Извештајот на Европската комисија за напредувањето на Босна и Херцеговина генерален став е дека постои напредок во сите сфери и во политичките и во економските критериуми и во европските стандарди. Се надевам дека тој позитивен тренд ќе продолжи да биде уште подобар по прифаќањето на Извештајот за 2008 година и дека можне брзо ќе го добиеме кандидатскиот статус.

Дами и господа,

Тоа беше и ваш приоритет што го реализиравте 2005 година, тоа беше вашето тежнение и пат по кој одевте забрзано исполнувајќи ги неопходните услови и прилагодувајќи се на се она на што треба да се прилагодите. Тоа е голема работа, вие тоа на време го оценивте и го имплементиравте. На тоа господине претседателе и пратеници на овој дом ви честитам. Иднината на Балканот е во рамките на Европската унија, мислам дека тоа на сите им е јасно и на нашите европски партнери, но и на нас географски на кои се однесува овој географски и политички поим.

Во исто време, на патот кон НАТО интеграциите направивме голема работа и голем напредок, во Парламентот како наш придонес, освен усвојувањето на неопходните закони, усвоивме Резолуција за подготвеноста на Босна и Херцеговина за НАТО интеграција и ја сметаме како клучна определба и како генерален став кој ќе резултира со премин на повисок степен на соработка со НАТО.

Почитувани колешки и колеги,

Го знаеме проблемот на кој што вашата држава наиде во Букурешт на својот пат кон полноправно членство во НАТО пактот, Босна и Херцеговина ве подржува во вашите настојувања, а лично сметам дека меѓусебните проблеми треба да се решаваат во духот на толеранцијата и меѓусебното уважување, а не да се користат како метод на блокада и уцена. Историјата не смее да и биде пречка на иднината.

Почитуван господине претседателе и уважени пратеници,

Дозволете ми да споменам уште неколку реченици за моето видување на унапредувањето на односите меѓу нашите две држави.

Кога станува збор за билатералните односи меѓу Босна и Македонија апелирам да се потпишат усогласените, а до сега непотпишаните спогодби како што се: Спогодбата во областа на образованието и науката, Спогодбата за соработка и взаемна помош во областа на царините, Спогодбата за избегнување на двојно оданочување и Протокол за ветеринарска соработка.

Не се сомневам дека при взаемни билатерални посети овие прашања ќе се решат.

Ја користам приликата и да ја покренам Иницијативата за склучување на нови билателарни спогодби како што се: Спогодба за железнички и воден превоз, Спогодба за двојно државјанство и Протокол за соработка во процесот на евроинтеграции.

Соработката на Босна и Херцеговина и Република Македонија е добра на сите полиња и ние немаме отворени прашања, што укажува дека односите во иднина може да бидат само подобри и поуспешни и дека нема причини за спротивно.

Затоа сум и јас денес тука со уважениот заменик и наскоро претседавачот на Парламентот господин Нико Лозанчиќ да ви ги пренесеме поздравите на парламентарците од Босна и Херцеговина и да ве повикаме на натамошна и поинтезивна соработка. Лично сметам дека низ формираните парламентарни групи за пријателство, чија улога и значење во иднина би можеле да бидат уште поголеми можеме овие односи да ги направиме помалку форамлни, а повеќе човечки, што воедно е и главна задача и крајна цел на парламентарараната демократија.

Почитуван претседателе, уважени пратеници,

Благодарам за срдечниот прием и за настојувањата јас и мојата делегација да се чуствуваме добродојдени во пријателската Република Македонија.

Ви посакувам многу среќа и успех во натамошната парламентарана работа и на патот кон Европската унија и евроатланските интеграции каде што секогаш ќе имате огромна подршка и помош од пријателите од Босна и Херцеговина.

Ви благодарам.

(Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Почитуван претседавач на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина, господин Милорад Живковиќ, ви благодарам за вашето обраќање.

Ја заклучувам 111-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,21 часот)